# Мониторинг бриф за месец март 2016 година од следењето на Поглавјето 23 - правосудство, борба против корупција и темелни права

## Уставен суд

На 15 март 2016 година Уставниот суд на затворена седница одлучи да го укине Законот за изменување и дополнување на Законот за помилување(„Службен весник на Република Македонија бр.12/2009"). Со оваа одлука Претседателот на РМ ќе може да помилува лица осудени за кривични дела против изборите и врз основа на кој беше законски утврдено постоењето на Комисијата за помилување.

Претседателката на Уставниот суд не даде образложение поради која причина и на кој начин е донесена одлуката за исклучување на јавноста за време на седницата. Иако за исклучувањето на јавноста треба да одлучи мнозинството на уставни судии, јавноста не беше информирана дали и кога е одржан работен состанок на уставните судии за утврдување на причините за затворање на седницата и донесување на ваква недемократска одлука или пак дали таа е донесена самоволно од страна на претседателката.

Итното постапување на Судот по иницијативата за оценување на уставноста на овој закон, поднесена на почетокот на месец февруари 2016, веднаш по отварањето на истрага од страна на Специјалното јавно обвинителство за изборни измами против поранешни министри, дава основан сомнеж дека Уставниот суд работи во одбрана на партиските интереси на владејачката коалиција.

## ПРАВОСУДСТВО

### Независност и професионалност

### Судски совет[1]

Во овој извештаен период Судскиот совет на Република Македонија (ССРМ) одржа две седници. На седницата одржана на 9 март 2016 година Судскиот совет избра ВД претседател на Основниот суд Дебар, Илир Исени, судија од Основен суд Дебар, и покрај тоа што има услови за избор на претседател согласно претходно објавениот оглас.

На седницата на ССРМ која се одржа на 14 март 2016 година беше формирана работна група за определување на ориентациониот број на предмети што треба да ги реши судијата месечно во судовите во Република Македонија. И покрај тоа што постои Правилник за утврдување на методологија за определување на норма, сепак има

[1] Следењето на Судскиот совет е активност спроведена од Институт за човекови права.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

тенденција на намалување на бројот на нови предмети по судовите, и од тие причини е и потребата за утврдување на норма за 2016 година.

На седницата беше формирана работна група која треба да изготви Програма за поддршка на медијација што како обврска за судиите произлегува од член 27 и 29 од Законот за медијација.

Се усвои Правилник за критериумите за давање согласност на судија за вршење активности во високообразовна интитуција, што се наметна како потреба по донесување на Стратегијата за борба против корупцијата и препораките од ГРЕКО. Со овие критериуми, меѓудругото, се предвидува минимум години стаж (6 години судиски стаж) и предавањето да се одржи по работното време на судијата.

За ВД претседател на Основен суд Гостивар избран е Лавдрим Сефери, судија во Основен суд Гостивар.

Седницата на ССРМ на која требаше да се изберат повеќе судии во основните судови од кандидатите од Академијата за судии и јавни обвинители повеќе пати се одлагаше пред самото одржување на седницата.

**Специјално јавно обвинителство**

На 15 март 2016 година СЈО го објави извештајот[2] за своето работење за периодот од 15.09.2016 - 15.03.2016 година. Во извештајот детално се опишани преземените активности од страна на СЈО, кое и покрај краткиот временски период и опструкциите од страна на останатите институции, успеа да се оформи како независен орган во јавнообвинителскиот систем на РМ.

СЈО извести дека освен тим на јавни обвинители, формиран е и тим на истражители, што го сочинуваат 11 полициски службеници од Министерството за внатрешни работи и 4 полициски службеници од Управата за финансиска полиција. Во делот на предметното работење СЈО извести дека е воспоставена стварна надлежност во вкупно 30 предмети против 80 лица. Структурата по кривични дела против вкупно 80 лица е следна: 10 лица за кривично дело "Повреда на избирачкото право" од член 159 од КЗ[3], 37 лица за кривично дело "Злоупотреба на службената положба и овластување" од член 353 од КЗ, 12 лица за кривично дело "Повреда на слободата на определување на избирачите" од член 160 од КЗ, 1 лице за кривично дело "Повреда на тајноста на гласањето" од член 163 од КЗ, 3 лица за кривично дело "Злоупотреба на средствата за

---

[2] Целосниот извештај може да го прочитате на официјалната веб страна на обвинителството преку следниот линк:
http://www.jonsk.mk/%D0%B4%D0%BE%D0%BA%D1%83%D0%BC%D0%B5%D0%BD%D1%82%D0%B8/

[3] Кратенката КЗ се однесува на Кривичен законик на Република Македонија и како таква ќе биде користена во целиот текст на овој извештај

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

финансирање на изборната кампања” од член 165 - а од КЗ, 1 лице за кривично дело “Злоупотреба на лични податоци “ од член 149 од КЗ, 2 лица за кривично дело “Присилба” од член 139 од КЗ, 6 лица за кривично дело “Неовластено прислушкување и тонско снимање” од член 151 од КЗ, 1 лице за кривично дело “Шпионажа” од член 316 од КЗ, 1 лице за кривично дело “Насилство спрема претставници на највисоките државни органи” од член 311 од КЗ, 2 лица за кривично дело “Повреда на рамноправноста на граѓаните” од член 137 од КЗ, 3 лица за кривично дело “Изборна измама” од член 165 од КЗ и 1 лице за кривично дело “Уништување на изборен материјал” од член 164 од КЗ. Покрај за наведените кривични дела, за 10 лица се води и постапка и за кривично дело „Злосторничко здружување“ од член 394 од КЗ.

Во делот на обработка на преслушуваните разговори, доставени од страна на СДСМ, СЈО извести дека е завршен процесот на евидентирање на материјалите и е формирана Комисија за преслушување на материјалите. На 30 март 2016 година СЈО одржа прес-конференција на која соопшти дека е отворена уште една истрага за предмет кој се води под името „Тврдина“. Во овој предмет осомничени се пет лица на Оддели при Управата за безбедност и контраразузнавање и поранешната министерка за внатрешни работи, кои во првата половина од 2015 година заедно со искористување на службената положба и овластување и со пречекорување на границите на нивното службено овластување, со умисла ги уништиле системите за следење на комуникации, со што нанеле штета на средствата на државата и Буџетот на Република Македонија во износ од 10.000.000,00 евра или 615.000.000,00 денари.

За овој случај СЈО издаде наредба за претрес на еден од осомничените, лицето Г.Г., за која судијата на претходна постапка не даде согласност.[4] Кривичниот совет се согласи со ваквата одлука, истакнувајќи три причини: 1) Лимитираната стварна надлежност на СЈО, 2) Од барањето на СЈО не можело да се утврди за кој временски период се однесувала содржината од незаконското следење на комуникации и 3) Од барањето на СЈО не произлегувало основано сомневање дека конкретното кривично дело произлегувало од незаконското следење на комуникации.

Ваквата аргументација на Кривичниот совет е правно неоснована поради тоа што согласно член 6 од Законот за СЈО, тоа обвинителство има целосна автономија во истражувањето и гонењето на кривични дела поврзани со нелегалното прислушување. Врз основа на ова е очигледно дека Основниот суд Скопје 1 Скопје ги пречекорил своите овластувања.[5]

Во однос на предлогот на СЈО за определување на мерка притвор против осомничениот Г.Г., судијата на претходна постапка го прифати предлогот и определи мерка притвор во траење од 30 дена. Против ваквата одлука беше поднесена жалба од

---

[4] Целосното соопштение на Основниот суд Скопје 1 Скопје за несогласноста на судијата на претходна постапка може да го прочитате на следниот линк: http://www.osskopje1.mk/Novosti.aspx?novost=463

[5] Реакцијата на Хелсиншкиот комитет за одлуките на Основниот суд Скопје 1 Скопје може да ја прочитате на следниот линк: http://www.mhc.org.mk/announcements/388#.VweG5Pl97IU

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

страна на одбраната на осомничениот до Кривичниот совет, кој мерката притвор ја замени со мерката куќен притвор.

**Судски постапки[6]**

**Предмет – "Пуч".**

На расправата на ден 02.03.2016 година, СЈО извести дека со посебен писмен поднесок било побарано да им бидат доставени фотокопии од доказите во предметот, но Судот го одбил ова барање. Поради ова, СЈО поднесе жалба до Апелациониот суд Скопје, а расправата беше одложена за 03.05.2016 година во 10 часот.

Преку соопштение објавено на официјалната фејсбук страна, СЈО[7] извести дека првото барање кон Судот за достава на копии од списи и електронски докази е упатено на ден 21.12.2015 година и истото е прецизирано со барање од 09.02.2016 година. Барањето е поднесено во смисла на членот 81 од ЗКП, кој ја уредува меѓуинституционалната соработка. Судот и после две ургенции со кои е укажано на неопходноста од доставување на копии, дури на ден 29.02.2016 година донел Решение со кое го одбива барањето за доставување копии на списи и електронски докази. СЈО извести дека ваквото решение ќе биде обжалено, од причина што наводите на Судот врз основа на кои е одбиено барањето во целост се неосновани. СЈО потсети дека начелата на акузаторност и легалитет на постапката налагаат јавниот обвинител да ги поседува доказите на кои се заснова обвинението. Поради тоа се добива впечаток дека Судот врши опструкција на работата на ова јавно обвинителство, одолговлекувајќи ја кривичната постапка и оневозможувајќи го ова јавно обвинителство да се впушти во главната расправа.

**Предмет – "Ровер[8]"**

На ден 04.03.2016 беше закажана расправата за предметот „Ровер", што се одложи поради боледување на еден од членовите на судечкиот совет. Со оглед дека Судот бил известен за истото, ја отповикал наредбата за спроведување од затворот за еден од обвинетите. Одбраната побара согласно законите и меѓународните конвенции ратификувани од страна на државата, тројцата обвинети за кои е прибавено известување дека не се достапни и дека се надвор од државата, Судот да се обрати до државите во кои тие се наоѓаат и да побара да бидат доведени и да присуствуваат на оваа расправа. Расправа се одложи за 08.04.2016 г. во 10 часот.

---

[6] Од следењето на Хелсиншкиот комитет за човекови права и Коалицијата Сите за правично судење
[7]Соопштение на СЈО објавено на нивната официјална фејсбук страна: https://www.facebook.com/permalink.php?story_fbid=685201784916708&id=650104671759753
[8] Предметот за случајот „Ровер" се однесува на убиството на Марјан Тушевски и Киро Јанев што се случи во Скопје, во јули 2001 година. Еден од обвинетите во овој случај е и Љубе Бошковски, кој бил министер за внатрешни работи во периодот кога се случило убиството.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

На 07.03.2016 година поддржувачи на Љубе Бошковски одржаа протест пред затворот Идризово со барање Бошковски да биде ослободен 90 дена пред истекување на затворската казна за случајот „Кампања“, а поради неговото добро однесување во затворот.

Обвинението против Љубе Бошковски во предметот „Ровер“ беше истакнато како причина од страна на директорот на затворот Идризово, Живко Пејовски поради која не може да има предвремен отпуст. Директорот извести дека иако согласно член 206 од Законот за извршување на санкциите, осуденото лице може да се отпушти пред истекот на казната затвор и тоа до 90 дена за казна затвор до пет години, предвидената законска можност се преиспитува за секој случај поединечно, имајќи ги предвид останатите околности за личноста и кривичната постапка која е во тек, како и можните ризици во однос на текот од оваа постапка. Според досегашната пракса[9], осудениците против кои не била поведена дисциплинска постапка за лошо однесеување во текот на издржувањето на законската казна, каков што е случајот со Љубе Бошковски, биле отпуштани пред истекот на казната затвор.

**Предмет – “Диво Насеље[10]”**

Во текот на месец март 2016 година за предметот познат во јавноста како Диво Насеље беа одржани 4 расправи, од кои расправата одржана на 02.03.2016 година беше отворена за јавноста, расправата на 16.03.2016 година беше одложена, додека расправите одржани на 22 и 30 март 2016 година беа затворени за јавноста, поради сослушување на заштитени сведоци. На расправата одржана на ден 02.03.2016 година еден од бранителите реагираше до Судот дека се крши и е повредено начелото на јавност во постапката, со оглед да не се присутни во судската сала сите заинтересирани роднини и дел од семејства на обвинетите кои дошле од Косово за да ја следат оваа расправа. Побара судот да овозможи технички услови и околности за да сите денес присутни роднини и семејства на обвинетите ја следат оваа расправа, а согласно начелото на јавност во постапката. Судот одговори дека расправата е јавна и дека е во границите на техничките можностите со оглед на тоа дека салата во Врховен суд се реновира и ова е следната најголема судска сала со овој капацитет, кој е максимално искористен.

[9] Ваквиот заклучок е изведен од постапувањето на Хелсиншкиот комитет во барања за правна помош поднесени од страна на осудени лица

[10] Предметот познат во јавноста како Диво Насеље е за настаните од 09 и 10 мај 2016 година во кумановската населба Диво Насеље, кога јавноста беше известена за конфликт меѓу Министерството за внатрешни работи и вооружена група лица. За овој настан во тек е судска постапка во која обвинети се 29 лица за кривичните дела Тероризам и Терористичка организација.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

## ТЕМЕЛНИ ПРАВА

### Слобода на собирање

На 14.03.2016 година, непосредно пред донесување на одлуката на Уставниот суд за законските измени на Законот за помилување, беше закажан протест од група граѓани пред Уставниот суд. Целта на протестот беше граѓаните да го искажат својот негативен став за можноста од укинување на законските измени на Законот за помилување, со кои се ограничуваше правото на Претседателот на РМ да може да помилува осудени лица за изборни измами. Сепак, правото на собир беше ограничено од друга група на граѓани - контрапротестанти, кои почнаа да се собираат пред Уставниот суд во текот на денот.[11]

Ваквиот контра-протест на таа локација и во тој временски период беше недозволив, поради тоа што беше спречен претходно најавениот протест. Лицата кои учествуваа во контра протестот го исполнија битието на кривичното дело Спречување или смеќавање јавен собир од Член 155 од Кривичниот законик. Санкцијата, предвидена за ова дело, е парична казна или затвор до една година.

### Забрана на тортура и нехумано и понижувачко постапување и казнување

На 28 март 2016 година СЈО одржа прес-конференција на која соопшти дека е издадена наредба за спроведување на истражна постапка за нечовечко постапување при лишувањето од слобода на Претседателот на партијата Обединети за Македонија – оштетениот Љубе Бошковски. СЈО извести дека врз основа на прибраните докази произлегло основано сомнение дека сите инволвирани, освен оштетениот, биле живо заинтересирани целокупната јавност да ја види бескруполозноста на дел од полициските сили – алфи, во изведување на апсење на политички противник на партијата на власт, и која во тој период раководи со полицијата. СЈО истакна дека таквото поведение, односно тортурата е казниво по сите меѓународни стандарди и според Кривичниот Законик на Република Македонија - член 142 од КЗ - Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување. За конкретниот случај осомничени се 7 лица, од кои дел се се уште вработени во Министерството за внатрешни работи. Против сите лица, кои се во работен однос во Министерството за внатрешни работи до Основниот суд Скопје 1 Скопје СЈО поднесе предлог за определување на мерка на претпазливост – забрана за преземање на определени работни активности кои се поврзани со кривичното дело.

---

[11] Соопштение на Хелсиншкиот комитет за контра-протестот пред Уставниот суд http://www.mhc.org.mk/announcements/380#.Vw0CfPl97IU

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

**Права на националните малцинства**

Во публикацијата објавена од Институтот за европска политика "Живот и бројки: Соодветна и правична застапеност и интеграција на работното место"?[12] се заклучува дека едно од најголемите достигнувања во спроведувањето на соодветната и правична застапеност е бројното зголемување на немнозинските заедници во администрацијата. Како главна пречка во понатамошното унапредување на различностите и постигнувањето на еднаквост во работната сила е политизацијата на администрацијата. Понатаму, во анализата се констатира дека правичната застапеност се доживува како монополизиран процес само на албанската заедница. Исто така, постои недостиг на посветеност кај раководните структури за спроведување на соодветната застапеност и управувањето со различностите. Членовите на немнозинските заедници се поприсутни во институциите со кои раководат припадиници на немнозинските заедници, што е индикативно на сеграгација во администрацијата.

**Мерки против расизам и ксенофобија**

*Национална омраза и верска нетрпеливост*

Во текот на месецот Хелсиншкиот комитет регистрираше 10 инциденти за кои постојат индикатори дека се сторени од омраза. Од вкупниот број на инциденти, по 4 се во Скопје и Тетово и 2 во Куманово. Девет од сите инциденти се случија помеѓу младинци припадници на македонската и албанската заедница. Скоро сите инциденти се однесуваат на жртви нападнати од страна на група. Нападите се случуваа на јавни места, во автобуси и во училишта. Неколку од нападите вклучуваа и ладно оружје, а во најсериозниот инцидент 16 годишен малолетник беше прободен во градниот кош.

**Заштита на лични податоци**

По спроведениот вондреден инспекциски надзор во Државната изборна комисија од страна на Дирекцијата за заштита на личните податоци, Дирекцијата[13] донесе решение со кое ѝ забрани на ДИК „да обезбедува електронски пристап до личните податоци во Избирачкиот список објавен на веб страната https://izbirackispisok.gov.mk". Дирекцијата се повика на тоа дека согласно Изборниот законик (член 55, став 1) се предвидува дека личните податоци содржани во Избирачкиот список се заштитени во согласност со закони и не смеат да се употребуваат за ниедна друга цел, освен остварување на избирачкото право на граѓаните. Во другото привремено решение, Дирекцијата ѝ забрани на ДИК да

---

[12] Д-р Малинка Ристевска Јорданова, м-р Ардита Абази Имери, м-р Билјана Котевска, м-р Елена Анчевска и др. "Живот и бројки: Соодветна и правична застапеност и интеграција на работното место", Институт за европска политика, март 2016 година. Достапно на: http://epi.org.mk/docs/Life%20and%20Numbers_MK_Final%20version.pdf

[13] Соопштение за медиуми. Дирекција за заштита на личните податоци. Достапно на: http://www.dzlp.mk/sites/default/files/u4/Soopstenie_za_mediumi_izbiracki_spisok_1.pdf. Последно пристапено на 14.04.2016 г.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.

објавува лични податоци за физички лица, ценејќи дека “ДИК нема правен основ да врши обработка преку објавување на лични податоци на физички лица ...”. Двете решенија беа објавени како резултат на вкрстувањето на датабазите со Избирачкиот список и сомнежот за голем број на т.н. антомски гласачи.

ДИК на јавна седница одлучи да постапи по решенијата на Дирекцијата, но истовремено најави дека ќе ги обжали пред Управниот суд на РМ.

Проектот Мрежа 23 + е финансиран од Европската Унија. Наведените мислења во овој документ се мислења на авторите и не ги одразуваат секогаш мислењата на донаторот.